РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА



Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-029824/17-0016 од 26.01.2018 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена отворена постапка со оглас број 23/2017 за доделување на договор за јавна набавка на „Надворешна поддршка на хардвер на ИКТ системи", како најповолен понудувач се избира:

Трговско друштво за производство, услуги и промет АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, по овластување на директорот на Царинската управа со број 04-081469/17-0001 од 30.11.2017година, заменик директорот донесе Одлука за јавна набавка број 05-029824/17-0004 од 04.12.2017 година за набавка на „Надворешна поддршка на хардвер на ИКТ системи".

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ до 7.000.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, кои се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2017 година, на раздел 09003, сметка 787 и/или сметка 637, програма 20, ставка 424.

Набавката се спроведе со отворена постапка, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со покана за поднесување на конечна цена преку ЕСЈН како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 64 и член 125-а од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-029824/17-0016 од

…01.2018 година со кој предлага како најповолен понудувач по предметната …тапка да се избере единствениот понудувач Трговско друштво за производство, …уги и промет АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје (ЕДБ 4030997315848/ ЕМБС 4293789), …днесената понуда преку ЕСЈН.

…јќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази прило…ни кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни …авки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

…ство за правно средство:
…ласно член 216 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економскиот …ератор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да …несе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 8 …ум) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се …тавува и до договорниот орган.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

…05-029824/17-0018
…пје, г.
30. 01. 2018

…тавено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

…авено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

…ботил: Мирјана Станоева
…рил: Весна Змајшек
…асен: Јово Цутески